Бр: 10-96
Скопје: 14.10.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-912/1 од 14.06.2022 година (Наш број 10-96 од 15.06.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 14.10.2022 година го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата барање на мислење бр. 13-912/1 од 14.06.2022 година (Наш бр. 10-96 од 15.06.2022 година) во врска со дополнително направените измени на Предлог Анекс договорот кон Договорот за доделување на државна помош од 29.01.2019 година на КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид како корисник на државна помош а за кој Предлог Анекс договор, Комисијата за заштита на конкуренцијата достави мислење со бр. 10-113 од 03.11.2021 година до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Со оглед на тоа, дека Комисијата за заштита на конкуренцијата имаше потреба од дополнително појаснување и корекција на дополнително направените измени во Предлог Анекс договорот кон Договорот за доделување на државна помош на КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид како корисник на државна помош, беше одржан состанокот на 20.06.2022 година во просториите на Комисијата за заштита на конкуренцијата на кој беше присутен вработен претставник од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и вработени претставници од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со допис бр.13-912/3 од 06.09.2022 година, достави изменет текст на Предлог Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош на КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид.

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа изменетиот текст на Предлог Анекс Договорот бр.1.

Во член 9 од изменетиот текст на Предлог Анекс Договорот бр.1 е наведено дека во член 6 од Договорот за доделување на државна помош се додава нов став 6.4. Во овој став е навдено дека давателот на државната помош ќе исплаќа дополнителна помош на корисникот на државната помош , која ќе се пресметува во висина од 45% од износот на помошта утврдена во член 5,6 и 7 од овој Договор за планираните транши во периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2026 година, при што ќе се исплаќа кон корисникот на државната помош најдоцна до крајот на календарската година за која е планирана траншата. За да нема сомневање, вкупната помош според овој Договор ќе е валидна до датумот на кој помошта ќе го достигне прагот на максималниот интензитет од член 10 од овој Договор.

За останатите членови од изменетиот текст на Предлог Анекс Договорот бр.1 Комисијата за заштита на конкуренцијата достави мислење со бр. 10-113 од 03.11.2021 година до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Во врска со измената од член 9 од изменетиот текст на Предлог Анекс Договорот бр.1 , Комисијата за заштита на конкуренцијата **смета дека нема потреба од дополнително известување.**

Согласно член 3 став (3) од **Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош**, („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11) известување за промена на постојаната државна помош се доставува до Комисијата за заштита на конкуренцијата доколку има зголемување над 20% од буџетот на постојаната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на Комисијата.

Имајќи ја во предвид горенаведената законска рамка, давателот на државната помош, нема потреба од дополнително известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата за планираното зголемување на инвестицијата за КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид.

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 24 од Законот за контрола на државната помош го врши надзорот за доделената дозволена државна помош во претходната година на основа на годишен извештај кој секој давател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година да го достави до Комисијата.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**